ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР,
по скратена постапка

Скопје, декември 2025 година

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 05. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 6874/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Љупчо Прендовски
Бојан Стојаноски
Весна Бендевска
Даниела Стојмевска
Павле Арсоски
Миле Цеков
Sabanda Imeri
Mimoza Musa
Valbona Adili-Emin
Katrina Bejiri
Дафина Стојаноска
Антонијо Милошоски

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за вработените во јавниот сектор беше донесен во јули 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/25). Во членот 47 од Законот за вработените во јавниот сектор се уредува вработувањето на определено време. Анализите покажуваат дека во самиот член 47 има грешно упатување од еден на друг став. Имено, во членот 47, став (9) е предвидено дека институцијата не може да вработува на определено време согласно ставот (5) на споменатиот член повеќе од два пати годишно, при што вкупниот број на вработени лица согласно ставот (5) не смее да биде поголем од 5% од бројот на сите вработени во институцијата. Очигледно е дека станува збор за техничка грешка, односно дека во членот 47 став (9) требало да се упати на вработување согласно членот 47 став (8), а тоа е вработувањето на лица на определено време поради непредвидливи активности, а најдолго до три месеци, без притоа да се објавува јавен оглас туку со нивно упатување од евиденцијата на невработени лица во институцијата која е надлежна да посредува за вработување (Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија).

Имено, рационално е ограничувањето на вработувањето на определено време без јавен оглас, преку упатување на лицата од евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, поради непредвидливи и итни активности. Ограничувањето треба да има за цел да спречи злоупотреби, при екстензивно толкување што е „непредвидлива и итна активност“. Впрочем, исто ограничување постои и во Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019; 14/2020; 302/2020; 208/2024; 210/2024) каде во членот 22 став (10) се предвидува дека институцијата може најмногу два пати годишно да вработи лица преку упатување од службата надлежна за посредување при вработување (Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија), при што вкупниот број на вработени не смее да биде поголем од 5% од бројот на сите вработени во институцијата.

Следствено, техничката грешка во Законот за вработените од јавниот сектор треба да се исправи и во членот 47 став (9) треба да се упати на ограничување на можноста за вработување на определено време согласно членот 47 став (8).

Истовремено, со членовите 52, 56, 57 и 58 се предлага продолжување на роковите за усогласување на посебните закони (материјалните закони), каталогот на работни места во институциите во јавниот сектор и нивните акти за систематизација на работните места. Воедно, се предлага и продолжување на рокот за донесување на подзаконските акти, бидејќи се потребни подготвителни активности за целосна операционализација на Законот и номотехничко доуредување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта е да се ограничи можноста институциите на јавниот сектор да вработуваат лица на определено време поради непредвидливи и итни активности, без јавен оглас, преку упатување од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од евиденцијата на невработени лица. Ваквиот начин на вработување треба да биде ограничен: да може да се користи најмногу два пати годишно и бројот на вработени на овој начин да не може да биде поголем од 5% од вкупниот број на вработени во институцијата. Со тоа ќе се спречи екстензивно толкување што значат „непредвидливи и итни активности“ и ќе се спречи можноста константно да се вработуваат лица на определено време без јавен оглас. Начелото на кое се заснова овој Предлог на закон е транспарентноста: со него се спречува без јавен оглас да се вработуваат лица во неоправдани случаи. Следствено, се предлага продолжување на роковите за усогласување на посебните закони (материјалните закони), каталогот на работни места во институциите во јавниот сектор и нивните акти за систематизација на работните места.

Воедно, со Предлогот на Закон се продолжува и рокот за донесување на подзаконските акти бидејќи се потребни подготвителни активности за целосна операционализација на Законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој Предлог на Закон не создава финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка, бидејќи не е во прашање сложен и обемен закон. Напротив, со овој закон се исправа техничка грешка во сегашниот текст на Законот за вработените во јавниот сектор.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Член 1

Во Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/25), во член 8 ставот (1) се менува и гласи:

„Дискриминацијата при систематизирањето, планирањето и пополнувањето на работните места во јавниот сектор е забранета согласно Уставот на Република Северна Македонија, а работните места се достапни секому под еднакви услови“.

Член 2

Насловот пред членот 9 се менува и гласи:

„Начело на стручност и компетентност, начела на соодветна и правична застапеност, еднакви можности на жените и мажите и инклузивност“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„При пополнувањето на работните места, институциите го почитуваат началото за соодветна и правична застапеност на заедниците врз основа на принципот на стручност и компетентност, еднакви можности на жените и мажите и начело на инклузивност.“

Член 3

Во член 47 во ставот (9) зборовите: „согласно ставот (5) на овој член“ се заменуваат со зборовите: „преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица“.

Член 4

Во член 48 ставот (2) се менува и гласи:

„Во постапката за унапредување се води сметка и за соодветната и правична застапеност на заедниците, еднакви можности на жените и мажите и начело на инклузивност, согласно началото на стручност и компетентност“.

Член 5

Во член 52 во ставот (2) зборовите „вработените“ се заменуваат со зборовите „останатите вработени“.

Член 6

Во членот 56 зборовите: „во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 1 јануари 2027 година“.

Член 7

Во членот 57 зборовите: „шест месеци“ се заменуваат со зборовите: „една година“.

Член 8

Во членот 58 зборовите: „во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 1 јануари 2027 година“.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор содржи девет члена.

Со членот 1 се менува член 8 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор со цел поконкретно дефинирање на начелото на забрана за дискриминација.

Со членот 2 се менува член 9 став (2) од Законот со цел поконкретно дефинирање на начелата во членот 9 од Законот.

Со членот 3 се менува член 47 став (9) од Законот така што се обезбедува ограничување колку пати една институција може да вработува на определено време без јавен оглас, преку упатување од листата на невработени лица од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Исто така, се обезбедува ограничување колку лица може да се вработат на определено време на овој начин (до 5% од вкупниот број на вработени во институцијата).

Со членот 4 се менува член 48 став (2) од Законот со цел поконкретно дефинирање на начелата во членот 48 од Законот.

Со членот 5 се врши допрецизирање на одредбата од член 52 став (2) од Законот, односно инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, други закони кои го регулираат работниот однос, како и на прописите донесени врз основа на овој закон, во однос на останатите вработени во јавниот сектор кои немаат статус на државни службеници и јавни службеници, да врши Министерството за економија и труд – Државниот инспекторат за труд.

Со членовите 6 и 7 се врши изменување на членовите 56 и 57 од Законот со цел продолжување на роковите за усогласување на посебните закони (материјалните закони), каталогот на работни места во институциите во јавниот сектор и нивните акти за систематизација на работните места. Воедно, во членот 8 се врши изменување на членот 58 при што се продолжува рокот за донесување на подзаконските акти, бидејќи се потребни подготвителни активности за целосна операционализација на Законот и номотехничко доуредување.

Со членот 9 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенија содржани во одредбите од овој Предлог на Закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на Закон ќе се овозможи ограничување како институциите не би можеле екстензивно да толкуваат што се „непредвидливи и итни активности“ и кога тоа не е оправдано да вработуваат на определено време без јавен оглас, преку упатување на лица од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Истовремено, на институциите им се продолжуваат роковите за усогласување на посебните закони (материјалните закони), каталогот на работни места во институциите во јавниот сектор и нивните акти за систематизација на работните места. Воедно, се продолжува и рокот за донесување на подзаконските акти, бидејќи се потребни подготвителни активности за целосна операционализација на Законот.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
КОИ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Начело на недискриминација, еднакви услови
и еднаков пристап
Член 8

(1) Дискриминацијата при систематизирањето, планирањето и пополнувањето на работните места во јавниот сектор е забранета согласно одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а работните места се достапни секому под еднакви услови.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, нема да се сметаат за дискриминација мерките кои се преземаат согласно закон за да се овозможи пристап до работните места на лицата со попреченост, лицата кои до својата 18 годишна возраст имале статус на лица без родители и без родителска грижа, како и студентите со посебни достигнувања и резултати во студирањето.

(3) Вработените во јавниот сектор при извршување на работните задачи обезбедуваат примена на уставно загарантираните права на еднаквост и недискриминација, преку создавање на можности и почитување на различностите, како и заштита од неправда, злоупотреба и дискриминација по кој било основ.

Начело на стручност и компетентност и начела на соодветна и правична
застапеност, родова еднаквост и инклузивност
Член 9

(1) Пополнувањето на работните места во јавниот сектор се врши врз основа на начелото на стручност и компетентност, односно работните места се пополнуваат со најстручните и најкомпетентните лица.

(2) При пополнувањето на работните места, институциите го почитуваат начелото за соодветна и правична застапеност на заедниците врз основа на принципот на стручност и компетентност, родова еднаквост и инклузивност.

Вработување на определено време
Член 47

(1) Во институциите може работно место да се пополни и преку вработување на определено време заради:

- замена на привремено отсутен вработен, кој е отсутен повеќе од еден месец, до истекот на одобреното отсуство на отсутниот вработен, а најдолго две години,
- привремено зголемен обем на работа, додека трае потребата на институцијата, а најдолго една година,
- сезонска работа, додека трае потребата на институцијата, а најдолго три месеци,
- непредвидливи и итни активности што се јавуваат во вршењето на надлежностите на институцијата, додека трае потребата на институцијата, а најдолго три месеци или
- работа на проект до завршувањето на проектот.

(2) Проектната единица и работните места во проектната единица која раководи со проектот од ставот (1) алинеја 5 на овој член, мора да бидат утврдени во актот за внатрешната организација и актот за систематизација на работните места на институцијата.

(3) Во случајот на вработување на определено време согласно ставот (1) алинеја 2 на овој член, секретарот, односно раководното лице на институцијата е должен да донесе одлука за

вработување на определено време заради привремено зголемен обем на работа, во која ќе ги наведе причините заради кои постои зголемен обем на работа и времетраењето на зголемениот обем на работа.

(4) Заради вработување во случаите од ставот (1) алинеите 1, 2, 3 и 5 на овој член, институцијата објавува јавен оглас кој е ист како и јавниот оглас за вработување на неопределено време, уреден во членот 44 од овој закон, по што спроведува постапка на селекција за вработување која е иста како постапката за вработување на неопределеновреме уредена во членовите 45 и 46 од овој закон.

(5) Заради вработување во случаите од ставот (1) алинеите 1, 2, 3 и 5 на овој член, институцијата може да користи и услуги на агенциите за привремени вработувања, при што агенциите за привремени вработувања се должни да објават јавен оглас и да спроведат постапка на селекција за вработување која ќе ги содржи најмалку двете фази наведени во членот 45 од овој закон.

(6) Доколку институцијата користи услуги на агенции за привремени вработувања согласно ставот (5) од овој член, агенцијата за привремени вработувања е должна да и предаде примерок од целокупната документација поврзана со вработувањето на институцијата.

(7) Рокот за пријавување на јавниот оглас објавен согласно ставовите (4) и (5) од овој член, не може да биде пократок од три работни дена.

(8) Во случаите од ставот (1) алинејата 4 на овој член, институцијата може да постапи согласно ставовите (4), (5), (6) и (7) на овој член, но може потребата од вработување да ја обезбеди и преку посредување на институцијата надлежна за посредување при вработување преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица, согласно општите работни прописи.

(9) Институцијата не може да вработува на определено време согласно ставот (5) на овој член, повеќе од два пати годишно, при што вкупниот број на вработени лица согласно ставот (5) на овој член, не смее да биде поголем од 5% од бројот на сите вработени во институцијата.

(10) На определено време не може да се вработуваат лица на раководни места.

(11) Вработените на определено време ги имаат истите права и должности, како и вработените на неопределено време, согласно овој закон и другите прописи кои се применуваат на вработените во јавниот сектор, а институцијата е должна да ги внесе податоците за вработените на определено време, вклучително и преку агенциите за привремени вработувања во ИСУЧР.

### Унапредување во јавниот сектор
### Член 48

(1) Унапредувањето на вработените во јавниот сектор се врши врз основа на нивниот учинок и компетенции, во транспарентна и фер постапка со јасни критериуми и треба да обезбеди нивен кариерен напредок односно преминување од пониски на повисоки работни места.

(2) Во постапката за унапредување се води сметка и за соодветната и правична застапеност на заедниците, родовата еднаквост и инклузивност, согласно начелото на стручност и компетентност.

(3) Унапредувањето на вработените во јавниот сектор се спроведува врз основа на транспарентни и јасни критериуми пропишани со посебни закони.

Инспекциски надзор

Член 52

(1) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон, како и на прописите донесени врз основа на овој закон, во однос на државните службеници и јавните службеници врши Министерството за јавна администрација – Државниот управен инспекторат.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, други закони кои го регулираат работниот однос, како и на прописите донесени врз основа на овој закон, во однос на вработените во јавниот сектор врши Министерството за економија и труд – Државниот инспекторат за труд.

Усогласување на законите
Член 56

Законите кои уредуваат прашања кои се предмет на уредување од овој закон, ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Донесување на подзаконските акти

Член 57

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Усогласување на Каталогот и Регистарот
Член 58

Каталогот на работни места и Регистарот на вработените во јавниот сектор воспоставени согласно Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20 и 208/24), ќе се усогласат со одредбите од овој закон и подзаконските акти предвидени со овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.